**УПАТСТВО**

**за пријавување на магистерски труд на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет “Св. Кирил и Методиј”во Скопје Природно-математички факултет - Скопје**

Кандидатот поднесува во Архивата на Факултетот **Пријава** за изработка на магистерски труд до Наставно-научниот совет на Факултетот, преку Стручниот совет на соодветниот институт, која треба да содржи;

- наслов на темата (во договор со менторот) и предлог за ментор;

Кон пријавата се доставува како прилог:

**1.** образложение за научната оправданост на темата кое содржи, план за работа, методи на работа, очекувани резултати и преглед на литературата.

**2.** список на објавени научни и стручни трудови (доколку ги има).

**3.** Кратка биографија

**4.** Уверение за завршени студии од прв циклус/додипломски студии.

- за кандидатите кои дипломирале на Природно-математичкиот факултет-Скопје, фотокопија.

- за кандидатите кои дипломирале на други факултети/универзитети, уверението треба да биде заверено на нотар.

**5. Потврда** од Одделението за студентски прашања, дека кандидатот ги завршил сите обврски кон факултетот, кои произлегуваат од студиската програма за втор циклус академски студии – постдипломски студии, односно дека го стекнал условот да пријави магистерски труд (со освоени 30 ЕКТС- кредити за едногодишните, односно најмалку 90 ЕКТС – кредити за двегодишните студии од втор циклус, или по положувањето на сите испити, во зависност како е утврдено со студиската програма).

НАПОМЕНА: На студентите им се препорачува да го проверат студентското досие, доставувајќи го индексот, 7- 10 дена пред да ја пријават темата за магистерска работа, односно пред состанокот на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на соодветниот институт, кој треба да даде предлог до Наставно-научниот совет на Факултетот преку Стручниот совет на соодветниот Институт.

Одговорно лице за студентите од втор циклус: раководител на Одделението за студентски прашања, keti@pmf.ukim.mk, просторија 163, I спрат, Горна зград-над деканатот

**Број на примероци** од горенаведените документи, кои треба да се достават се:

| | |
|---|---|
| Институт за биологија | 4 |
| Институт за географија | 4 |
| Институт за математика | 2 |
| Институт за физика | 2 |
| Институт за хемија | 2 |
| Институт за етнологија и антропологија | 4 |

Постапката за пријава, оцена и одбрана на магистерски труд е регулирана врз основа на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 178/21 - член 135) и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и 607/22– од член 65 до член 75).